УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ГЕОГРАФИЈА

UNIVERSITY "ST. CYRIL AND METHODIUS" - SKOPJE
FACULTY OF NATURAL SCIENCES AND MATHEMATICS
INSTITUTE OF GEOGRAPHY

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

НАУЧЕН СИМПОЗИУМ СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

# PROCEEDINGS

SCIENTIFIC SYMPOSIUM WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

# РУРАЛНИОТ ПРОСТОР ВО НОВИТЕ РАЗВОЈНИ УСЛОВИ

# RURAL AREAS IN THE MODERN DEVELOPMENT CONDITIONS

КНИГА 1 / TOME 1

**ОХРИД / OHRID**
30.03.-01.04.2006








**Д-р Никола В. Димитров,** Советник за географија
Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието,
Битола, Република Македонија
e-mail: nikovedim@yahoo.com

# ДЕМОГЕОГРАФСКИ МОДЕЛИ НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛНИ СТРУКТУРНИ ПРОМЕНИ

## АПСТРАКТ

Во трудот станува збор за неколку демогеографски карактеристики на Република Македонија и обид за нивно моделирање. Моделите третираат актуелни демографски и просторни сегменти, со можност за нивно димензинирање врз основа на новите услови диктирани од глобалните структурални промени. Демографските модели се извлечени врз основа на актуелните процеси на населението по старост и стадиуми на демографска старост. Просторните модели се врз основа на просторната организираност на Р.Македонија по општини и врз условна регионализација. На крајот се даваат предлози на демогеографски модели во прилог на структуралните промени на новите услови за развој на руралниот простор во Република Македонија.

**Клучни зборови**: Рурален простор, демографија, демогеографија, просторни целини, рурален развој.

## ABSTRACT

In work rising speak for some demogeographical caracteristic in Republic of Macedonia end try for level modelling. Models treat topical demodraphic and territory segments, with opportunity for level dimensions in elementafu on news conditions dictates from global ctructuial changes. Demographics models all take oit on basis in topicals proess at population at old age ond phase in demographicals olds age. Areas models are on basis in territary irganization in R.Macedonia at municipality and for level condition orcanization. The end everything give proposals in demographical model in contribution on structulars changes for nows conditions for development in rural area in the Republic of Macedonia.

**Key words**: Rural area, demographia, demodeographical, areas complex, rurals development.

## ВОВЕД

Република Македонија веќе подолго време минува низ динамичен период на општествена и економска трансформација. Како резултат на промените, предизвикан е т.н. " демографски домино ефект" на интензивни транзициони потреси на вкупното население и

пропорционално на неговата територијална разместеност. Имено, набљудуваниот апсолутен и релативен пораст на населението, во период 1994-2002 година, се карактеризира со мошне изразени разлики на локално и регионално ниво.

Разликите во развојот на населението имплицира деструкција врз руралниот простор во Република Македонија. Од тука, во рамките на дозволениот простор за елаборација и анализа на неколкуте демографски индикатори (обем на население, просторна припадност и население по старосни стадиуми вршени на ниво на општини и региони), ќе се обидеме да идентификуваме неколку демогеографски модели на структурни промени на македонскиот рурален простор во идните развојни услови. Во прилог на текстот приложуваме табели од кои може да се извлечат низа други индикатори и параметри.

## ДИСТРИБУЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО СПОРЕД СТАРОСТ И СТАДИУМИ НА ДЕМОГРАФСКИ ВИТАЛИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Популационата динамика на македонскиот простор, во периодот 1994-2002 година се карактеризира со мошне изразити разлики на локално-општинско и регионално ниво. На ниво на држава вкупниот апсолутен пораст на населението за периодот 1994-2002 година изнесува 76615 лица или за 3,94%, со стапка на годишен пораст од 0,49%, односно бројот на жители се зголемил од 1945932 на 2022547 лица. Меѓутоа, гледано на ниво на региони, од осумте систематизирани, пораст на населението забележан е во сите освен во Пелагонискиот регион, каде што населението се намалило за 4478 лица или за -1,8%, со просечна годишна стапка на пораст од -0,23%. Со најголем апсолутен пораст на населението се издвојува Скопскиот (каде овие индикатори соодветно изнесуваат: 32915 лица; пораст од 6,04 и 0,75%), Полошкиот (со 23948 лица; пораст од 8,49 и 1,06%), Североисточниот (8946; 5,46 и 0,68%), Југозападниот (пораст од 8515 лица; 4,03% и 0,50%), а со најмал е Источниот региона (пораст од само 1688 лица, 0,84% и 0,10%). За одбележување е и следниод податок, во трите региони: Скопски, Полошки и Североисточен се сконцентрирани 1056861 жители или 52,2% од вкупниот број население, потоа овој дел зафаќа 26,3% од вкупната проврршина на државата со просечна густина на населеност од 164 жители на 1км/2, а додека апсолутниот пораст на населенеието за овој простор изнесува 65809 лица или учество во вкупниот државен пораст на населението дури од 85,9%. (Повеќе информации, види: Табела 1 и 2).

Ваквите регионални разлики во обемот и порастот на населението се последица на крајно издиференцирани правци на

природната и миграциската компонента во вкупното население, а особено на локално и регионално ниво.

Во поглед на внатрешната просторна разместеност на населението на релација урбано-рурално, би ја апострофирале просторно-демографската поларизација на овие два предодредени диспаритети. Имено, градската популација за периодот 1994-2002 година во Македонија бележи пораст од 91123 лица, 8,02% и стапка од 1,0%, односно се зголемила од 1136836 на 1227959 лица. Пораст на градското население регистрираме во сите освен Пелагонискиот регион, каде што урбаното население се намалило за 1678 лица или за -1,07% со просечна годишна стапка на пораст од -0,13%. Според ранг листа на пораст на прво место е Скопје (пораст за 62166 лица, 13,98 и 1,75%), а потоа следат градовите од Североисточниот регион (9444 лица, 11,39 и 1,42%), па Полошкиот регион, Источниот, Западниот регион итн. (Види табела 3 и 4)

Истите табели ни овозможуваат и анализа на руралното население кое имплицира мошне изразена популациска ерозија и деструкција во поголемиот рурален простор во Македонија од -14508 лица, -1,79% со годишна стапка од -0,22%, односно намалување од 809096 на 794588 лица. Оваа искажана констатација можеме да ја потврдиме и со следните издиференцирани податоци за селското население во осумте региони.

Во регионални рамки, само три региони го зголемиле бројот на руралното население, и тоа Полошкиот регион (за 18456 лица, односно за 9,29% и годишна стапка од 1,16%), Југозападниот регион (3947 лица, 3,42 и 0,43%) и Вардарскиот регион (за само 910 лица, 1,97 и 0,25%). Огромен апсолутен пад на руралното население има во Скопскиот регион (за -29250 лица, -29,11% и стапка -3,64%), Источниот (-5053 лица, -6,22 и -0,78%), Пелагонискиот (за -2800 лица, -3,25 и -0,41%), па во Североисточниот и Југоисточниот регион (Види табела 3 и 4). Ваквата состојба е под влијание на преселнички движења на релација село-град, на различната динамика на компонентите на репродуктивната основа и на старосната структура на населението.

Трудот нема да ја оправда својата сциентолошка намера на третираниот проблем ако не посветиме посериозно внимание на манифестираните промени во старосниот состав и стадиумите на старост на населението кои директно влијаат во предвидувањето на демографската иднина. Според тоа, текстот и табелите што следат ќе бидат во прилог на синкратизмот на усогласување на населението според возраст во вкупното, руралното и урбаното население по општини и региони, а во интерес на оправданоста на формирање на активен контингент-работна сила на целата територија на државата.

Резултатите од пописот на населението, домаќинствата и становите од 2002 година за Република Македонија се есенцијален-суштествен стратешки сегмент, кој преку мерливи индикатори ќе се овозможи забрзан економски и човеков развој на државата во новите развојни структурни промени.

Податоците од пописот за староснит состав на населението според општини идентификуваат големи промени на продлабочени спротивности. Во целина во Република Македонија старосната група од 0-19 години учествува со 29,2%, групата од 20-64 години со 60,1%, старосната група со над 65 години со 10,6% и со 0,1% е население со непозната старост. Гледано по општини, состојбите се далеку подруги. Имено, општини во кои преовладува младо население од 0-19 години со учество од над 35% се 14 општини или 16,7% од вкупниот број општини (Арачиново со 42,8%, Липково 41,7%, Центар Жупа 41,7%, Желино 40,9%, Студеничани 40,9%, Пласница 40,3%, Сарај 38,9%, Шуто Оризари 38,9%, Зајас 37,9%, Врапчиште 37,5%, Дебар 37,5%, Струга 36,7%, Боговиње 36,5% и Гостивар со 35,0%). За информацијата да биде поцелосна, станува збор за општини со доминантно албанско население (11 општини), турско (2) и ромско население (1 општина). Општини со учество од над 60% население на возраст од 20 до 64 години ги има најмногу, и тоа 36 или 42,8% од вкупниот број општини. Спротивно на нив општини со старо население на возраст од над 65 години и со учество од над 15% се 16 општини или 19,1% (Дебарца 27,9%, Старо Нагоричане 27,6%, Вранештица 27,.0%, Новаци 26,4%,Другово 23,9%, Демир Хисар 21,5%, Могила 19,3%, Македонски Брод 19,1%, Кривогаштани 18,4%, Ранковце 18,2%, Ресен 18,0%, Центар 17,4%, Карбинци 16,5%, Пехчево 16,4%, Чешиново 15,4% и Карпош со 15,1%). Сите наведени општини со старо население се население со доминантно македонско население.

Во град Скопје младото население учествува со 27,0%, населението од 20-64 години учествува со 62,5%, и старото население со над 65 години учествува со 10,4%, а околу 0,1% припаѓа на население со непознати години. (Види: Табела 5)

Анализите на релација урбано-рурално население ги имаат следните карактеристики. Младото население до 19 години возраст во вкупниот број градови учествува со 27,4%, населението со старост од 20-64 години има учество од 62,4% и населението со над 65 години возраст учествува со 10,2%. Односот на населението според возраст во руралниот простор има малку подруг распоред. Младото население до 19 години возраст учестува со 32.1%, населението од 20-64 години со 56,7% и старото население со над 65 години со 11,1%, а остатокот

од 0,1% припаѓа на население со непознати години на старост. (Види: Табела 6, 7, 8 и 9)

Вредностите на наведените три старосни групи анализирани во осумте региони ги покажуваат разните комбинации на промени во старостната структура на населението во Македонија. Со највисок процент на учество од над 30% на младо население до 19 години се истакнува Полошкиот регион (35,5%), Југозападниот (32,3%) и Североисточниот (30,8%), а со најнизок процент се Пелагонискиот (25,3%) и Источниот регион (26,3%). Обратно пропорцинално се показателите за учеството на старото населние од над 65 години, и тоа со највисок процент се Пелагонискиот (15,1%), Источниот и Вардарскиот регион (со по 11,3%), а со најмало учество се Полошкиот (7,7%), Скопскиот (10,0%), Југозападниот (10,1%) и Североисточниот регион (10,2%). (Види: Табела 6)

Анализата на старосните групи во градската и руралната по региони ни ги дава следните податоци. Градови со највисок процент младо население со над 30% учество има Полошкиот регион (31,9%), а со најниско учество имаат градовите во Пелагонискиот регион (25,2%). Обратно поропорционален е односот со старото население со над 65 години возраст, кое со највисоко процентуално учество се истакнува Пелагонискиот регион (13,1%), а со најниско учество се Североисточниот (8,5%) и Полошкиот регион (8,6%) (Види: Табела 7)

Далеку поизразити се разликите по старост во руралниот простор гледано во регионални рамки. Имено, простор со доминантно младо население до 19 години и учество од над 35% е Полошкиот регион (36,9%), а потоа следат Скопскиот (со 34,8%), Југозападниот (34,5%) и Североисточниот регион (со 32,2%). Со најнизок процент на учество на младо население се Источниот (25,4%), Пелагонискиот (25,6%), Југоисточниот (28,6%) и Вардарскиот регион (со 29,2%). Во руралниот простор обратнопропорционалните показатели се уште поголеми, така во руралниот Пелагониски регион старото население со над 65 години возраст учествува со 18,5%, а во Источниот со 15,2%. Приближно за два и половина пати се помали вредностите во Полошкиот и Скопскиот регион со по 7,4%. (Види: Табела 8)

Спротивностите на младото и старото население продуцираат и евидентни разлики и во однос на населението со возраст од 20 до 64 години, односно во однос на работоспособниот контингент на ниво на држава изнесува 60,1%, со следни варијанти за урбаниот простор од 62,3%, за руралниот од 56,7%, и посебно за град Скопје од 62,5%. Тој на ниво на општини се движи од 50-52% (Старо Нагоричане 50,8%, Пласница 52,0%, Чашка 52,0%, Дебарца 52,3%, Липково 52,5% и Арачиново со 52,9%) се до 63-68% (Кавадарци со 63,0%, Кочани 63,1%, Гази Баба 63,2%, Крива Паланка 63,7%, Делчево 63,7%,

Македонска Каменица 63,8%, Илинден 63,8%, Штип 63,9%, Ѓорче Петров 64,0%, Гевгелија 64,1% и Аеродром со 68,6%). Додека пак на ниво на региони контингентот на старосната група од 20 до 64 години се движи од 56,7%( Полошки регион) до 62,4% (Источен регион) за вкупното население, потоа за градското население од 59,5% (Полошки регион) до 64,3% (Источен регион), и за руралниот простор од 54,7% (Југозападнен регион) до 59,8% (Југоисточен регион) (Види: Табали 5, 6, 7, 8 и 9)

Коефициентите на старосната спротивност на младото со старото население на ниво на општини, региони и во целина во земјата покажуваат поголеми осцилации од кои можеме да извлечеме седум типови на стадиуми на демографска старост. И тоа: рана демографска младост (до 5% старо население со над 65 години), демографска младост (од 5-7% старо население), демографска зрелост (7-11%), праг на демографска старост (11-15%), демографска старост (15-20%), длабока демографска старост (20-25%) и најдлабока демографска старост (над 25% старо население со над 65 години).

Република Македонија според стадиумот на демографска старост се наоѓа на преминот помеѓу демографска зрелост и прагот на демографска старост. Меѓутоа, тенденциите на понатамошно стареење и понатаму продолжуваат, така што Македонија за релативно краток временски интервал веќе навлезе во стадиум на демографско стареење. Во потврда на искажаното е интензивниот процес на стареење на руралниот простор кој веќе има вредност од 11,1% - праг на демографска старост.

Наведените седум стадиуми на демографска старост распоредени според општини и региони ни ги дава следните показатели. Општини со рана демографска младост се две и тоа Арачиново (4,0%) и Шуто Оризари (4,5%), со демографска младост се 5 општини (Центар Жупа 5,2%, Студеничани 5,5%, Липково 5,5%, Сарај 5,6% и Желино со 5,8%). Најбројни се општините со демографска зрелост со опфат од 35 општини или 41,7% од вкупнио број општини во Р.Македонија, а потоа следат 26 општини со праг на демографска старост (учество од 30,9%) , па 10 општини со демографска старост, 2 општини со длабока демографска старост (Дугово 23,9% и Демир Хисар 21,5%) и 4 општини со најдлабока демографска старост (Дебарца 27,9%, Старо Нагоричане 27,6%, Вранештица со 27,0% и Новаци 26,3%). (Види: Табела 5 и 10)

Стадиумите на демографска старост по региони ги има следните рангирања.

Во вкупни рамки, најбројни се региони со демографска зрелост, односно станува збор за пет региони со вредности од 7-11% учество на старо население во вкупната популација. Такви се

регионите: Полошки (7,7%) Скопски (10,0%), Југозападен (10,1%), Североисточен (10,2%) и Југоисточниот регион (со 10.7%). Потоа следат два региони со вредности на праг на демографска старост со учество од над 11%, а тоа се Источниот и Вардарскиот (со 11,3%). Регион кој е навлезен во демографска старост е Пелагонискиот со вкупна вредност од 15,05%.

Посебно земено градските населби групирани во регионални рамки, со исклучок на Пелагониските градови кои се во стадиум на праг на демографска старост, останатите градови вклучително и Скопје се во стадиум на демографска зрелост. Вкупно земено урбаниот простор во Р.Македонија се наоѓа во зона на залез на демографска зрелост. (Види: Табела 7)

Најголеми контрасти на населението според стадиуми на демографска старост има руралниот простор со три типа на старост, демографска здрелост, праг на демографска старост и демографска старост. Со по три региони се типовите на демографска зрелост (Полошки со 7,4%, Скопски 7,5%, и Југозападен регион со 10,7%) и прагот на демографска старост (Југоисточен со 11,5% и Вардарски и Североисточен регион со по 12,2%), а два региона (Пелагониски со 18,5% и Источен регион со 15,2%) се навлезени во интензивен процес на демографска старост. (Види: Табела 8)

Ако направиме типизираме на десетте општини на град Скопје според стадиуми на демографска старост забележуваме дека градските општини третираат четири стадиуми. Поконкретно со по една општина учество имаат првиот и вториот стадиум, односно во рана демократска младост е општина Шуто Оризари, а Сарај во демографска младост. Најмногу општини - 5 се во третиот стадиум на демографска зрелост (Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров Чаир), со една општина е четвртиот стадиум-праг на демографска старост (Кисела Вода), а со две општини петтиот стадиум на демографска старост (општините Карпош и Центар). (Види: Табела 9)

Збирниот преглед (табела 10) за стадиумите на демографска старост по региони и број на општини покажува дека најголем број општини се навлезени со третиот стадиум - демографска зрелост и нивниот број изнесува 35 општини со учество во вкупниот број општини од 41,7%, потоа следи четвртиот стадиум-праг на демографска старост со 26 општини или 30,9%, и петтиот стадиум-демографска старост со 10 општини и учество од 11,9% итн. Вкупно земено наведените три стадиуми на демографска старост опфаќаат обем од 71 општина или учество во вкупнот број општини од 84,5%, а само останатите 13 општини (15,5%) се распоредени во останатите четири стадиуми на демографска старост. Оттаму може да се заклучи

процесот на демографско стареење продолжува, така што денес Македонија веќе е навлезена во стадиум на демографска старост.

## ДЕМОГЕОГРАФСКИ МОДЕЛИ - МОДЕРАТОРИ НА СТРУКТУРНА ПОПУЛАЦИОНА ПОЛИТИКА ВО РУРАЛНИОТ ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Изнесените вредности само за состојбите со старосната структура на населението во Република Македонија се доволен аргумент дека големите диспропорции на демографскиот развој во локални и регионални рамки уште поекстремно ќе се експонираат и во наредниот период. Според тоа, час поскоро државните власти ќе мораат да превземат превентивни мерки за намалување на популациските диспаритети меѓу општините, регионите, меѓу урбаното и руралното население и слично.

Неоспорен е фактот дека Македонија има нееднаков регионален развој, односно хетерогеност и нееднаква раширеност на економските, социјалните и политичките фактори. Ваквата дихотомија подразбира низок доход, голема невработеност, недостиг на капитал, недостиг на висока техологија, голема социјала и сиромаштија, неразвиена инфраструктура, итн.

Нееднаквиот регионален развој интегрално присутен е во урбаните и руалните средини. Поаѓајќи од фактот дека руралниот простор на Македонија кој безмалку ги поседува сите природни предуслови за иден квалитетен развој не ќе може да се развива ако во почетокот не се почитуваат:

- популационата припадост и целовитост,
- наследната предодреденост на состојбите,
- степенот на концентрација на производните фондови и население,
- нивото на урбанизација на населбите и населението,
- законитостите на процесот на децентрализација и организација,
- димензионираниот распоред и дисперзија на производствените сили и сл.

Според тоа, за да се остварат одредени државни цели и интереси потребно е да се идентификуваат одредени т.н. специјализирани региони во кои ќе се применуваат соодветни популациони или демографски модели.

Поаѓајќи од аксиомата дека популационата политика е работа на секоја суверена држава, а бројот на членови во семејството е работа на слободна одлука на самото семејство. Одлуката на општеството да влезе во оваа деликатна област на планирање или демографска обнова

мора да се одвива во соработка со специјализирани институти или центри.

Според тоа основни субјекти на популационата политика се државата и нејзините органи, кои како организиран дел на општеството решаваат за целите, методите и мерките на популационата политика. Меѓутоа, денес субјекти на популационата политика можат да бидат и локалните власти, религиозните институции, политичките партии, па дури и индивидуалните стопанственици, бизнисмени, фармери и разни други субјекти доколку имаат економски или друг интерес.

Така, денес политиката на вработување претставува составен дел од популационата политика. Според тоа популационата политика неможе да се формулира, планира и изградува автономно, туку тоа е нужно да се прави во рамките и во согласност со политиката на општествено-економскиот развој, која на популационата политика му дава пошироки општествени и политички рамки.

Нема сомнение, дека за да се разбере потребата од демографск-популациона политика потребно е да се знаат следните работи: дијалектичката врска помеѓу населението како целина и индивидуите како негов дел, потоа да се уважи сознанието дека населението истовремено е демографска и антрополошка категорија и да се сфати дека во системот на населението, индивидуата е основен активен елемент. Според тоа, целта на демографската политика е да обезбеди таков развиток на населението кој ќе обезбеди задоволување на биолошките потреби за репродукција на општеството, како и потребите на индивидуата за раѓање и подигнување на деца, за одржување на здравјето и животот, потоа потребата за менувањето на местото на работа и престој доколку се создадат услови за тоа и сл.

Генерално земено општествените потреби во суштина се и потреби на индивидуата и обратно. Така, доколку демографските пореметувања се поголеми, а расчекорот во репродуктивната свест се подлабоки, во толку задачата на популационата политика е да изврши баланс помеѓу општествените и индивидуалните цели.

На внатрешен план општествените цели на преселувањето се врзуваат обично за разместување и повисок степен на урбанизација на населението во склоп на регионалниот развој во кој миграцијата претставува важен фактор на менување на регионалната структура, поделбата на работата, населеноста и системот на населби. По правило мерки на популационата политика се социјални, економски, просветни, здравствени и од друга природа. За спроведување на мерките потребно е да се формира посебна организација за популациона политика, преку која ќе се реализираат државни

програми за планирање на семејството и подобрување на еконмската положба.

Во досегашната демографска теорија и пракса познати се неколку типа на популациона политика, и тоа: експанзивен (на ширење), рестриктивен (на стеснување), редистрибутивен (на преселување) и еугенетички тип (контрола на генетските наследни особини).

Согледувајќи ги специфичностите на Македонија кои ја отсликуваат реалноста на локално и државно ново, а од тука и нејзините заложбите за остварување на милениумските развојни човекови глобални интереси на Земјата како заеднички дом на сите, предодреденоста на македонскиот геопростор се идеален услов за усовршување на постојните демографски методологии и давање на нови предлози и методолошки решенија од сферата на демографијата, а особено од демогеографијата.

Креаторите на популационата политиката во иднина многу повеќе ќе бараат разни статистички податоци и истите ќе ги применуваат врз локален или регионален географски простор за реализаирање на разни цели, кои ќе се темелат на егзактно проверени демогеографски модели (демографски или популациони модели применети во одредени географски простори).

Според сопствени согледувања во светски рамки егзистираат два концепта на демогеографски модели: деструктивен и конструктивен.

I. **ДЕСТРУКТИВЕН ДЕМОГЕОГРАФСКИ МОДЕЛ**, кој во суштина е разорлив, разурнувачки и штетен кој восебе носи скриен или јавно деклариран хегемонизам, антагонизам кој најчесто завршува со сепаратизам.

II. **КОНСТРУКТИВЕН ДЕМОГЕОГРАФСКИ МОДЕЛ**, кој во суштина има демократска и граѓанска премиса. Во овој модел егзистираат два под модели: национален и граѓански.

   1. *Национален демогеографски модел*, реализацијата на овој модел подразбира примена на еднонационален, бинационален и мултинационален модел во зависност од етничката шаренолокост на просторот-државата. Во реализацијата на популационата политика во овој модел можат да се применуват под модели на планирана репродукција, редистрибуција и ревитализација;
   2. *Граѓански демогеографски модел,* реализацијата на овој модел доразбира примена на унитарен, регионален и глобален-светски демогеографски модел, со примена на под модели на пондерирана репродукција,

редистрибуција и ревитализација на депопулационите простори.

Во конкретниот случај, како најсоодветен за Република Македонија го предлагаме **конструктивниот граѓански демогеографски модел врз унитарни принцип на регионализација.**

За реализација на оваа идеа потребно е државата Република Македонија што е можно поскоро да формира соодветна институција, **Институт за демографски истражувања и миграции.** Оваа институција ќе располага со посебен финансиски фонд и ќе се занимава со стратешки истражувања и планирања кои мораат да резултираат со демографско-економска ревитализација на одредени рурални простори во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

## ЛИТЕРАТУРА

**ДЗС;** (2005) Попис на населението, домаќинствата и становите во Рпублика Македонија, 2002 г., Книга XIII, Вкупно население, домаќинства и станови според територијалната организација на Република Македонија од 2004 година

**ДЗС;** (2004) Попис на населението, домаќинствата и становите во Рпублика Македонија, 2002 г., Книга XI, Вкупно население по пол и старост - по населени места

**ЗС;** (1997) Попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Рпублика Македонија, 1994 г., Книга V, Вкупно население, домаќинства, станови и земјоделски стопанства по општини и населени места

**Leksikon migracijskog i etničkog nazivja** (1998), IMIN (Instittut za migracije i narodnosti), Zagreb

**Mladen Friganović**, (1978) Demogeografija – stanovništva svjeta, Zagreb

**Dusan Breznik** (1980) Demografija (analiza, metodi i modeli), Beobgrad

**Karl Rupert i Franz Schaffer**, (1981) Socijalna deografija, Zagreb

**Alica Werfheimeg Baletić**, (1982) Demografija, stanovništva i ekonomski razvitak, Zagreb